**20160020101**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и  3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2016 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите  како и обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија, чијашто пензија е пониска од 12.600 денари и се со живеалиште на територијата на Република Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата, корисници на пензија кои остваруваат право на пензија од друга држава како и случаите на:

- специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница)

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за покривање на учеството (партиципацијата) при користењето на болничката здравствена заштита на граѓаните односно пензионерите со пензија пониска од 12.600 денари.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е  обезбедување на грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите  како и обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 55.000.000,00 денари. Од основен буџет на Република Македонија за 2016 година одобрени се 25.000.000,00 денари, а останатите 30.000.000,00 денари од самофинансирачки средства на Министерството за здравство.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени заостанатите обврски.

## 4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

## 5. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-12820/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.